# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПшТИНА РАДОВИш

| Службен гласник на опШтина РадовиШ Излегува по потреба | Среда Септември 2026 година Број 16/2026 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 4023005116486 |
|---|---|---|

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
за прогласување и објавување на Одлука за прифаќање донација на противпожарно возило од Здружение “ИЗВЕДЕН Дијаспора Ораовица”

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за прифаќање донација на противпожарно возило од Здружение “ИЗВЕДЕН Дијаспора Ораовица”, 08-1157/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 09.09.2026 година.

Број 09-1157/2
Дата 09.09.2026 г.
Радовиш

Градоначалник
на Општина Радовиш
Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 21 од Статутот на Општина Радовиш, а во врска со член 6 од Законот за финансирањето на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24, 37/25 и 77/26), и член 10 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/06, 86/08, 51/11, 28/14, 153/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22),

Советот на Општина Радовиш на XXII седница одржана на ден 09.09.2026 година, донесе:

ОДЛУКА

за прифаќање донација на противпожарно возило од Здружение “ИЗВЕДЕН Дијаспора Ораовица”

Член 1

Со оваа Одлука Општина Радовиш, во својство на примател на донацијата - противпожарно возило, ја прифаќа донацијата од Здружение “ИЗВЕДЕН Дијаспора Ораовица” – Швајцарија, кантон Фрибург:

**Вид на возило: Противпожарно возило**
**Марка: MAN**
**Модел: 14.232 LF 16 4X4**
**Година на производство: 1991**
**Број на шасија (VIN): WMAM080141M109266**
**Работна зафатнина/мотор: 232 PS**
**Вредност на возилото: 13.000 ЕВРА**
**Претходен сопственик: Противпожарна техника Берлин**

Член 2

Донацијата се дава за остварување на јавен интерес и е наменета исклучиво за противпожарна заштита, заштита на животот и здравјето на граѓаните, заштита на имотот и интервенции при пожари, елементарни непогоди и други вонредни состојби.

Донацијата не создава директна корист за давателот на донацијата, ниту обврска за враќање на донацијата од страна на примателот.

Член 3

Донацијата од член 1 на оваа Одлука ќе се реализира со склучување нс договор помеѓу давателот на донацијата и Примателот на донацијата Општина Радовиш со кој поблиску ќе се уредат правата и обврските на договорните страни, намената и начинот на реализација на донацијата, начинот на предавање и место на исполнување на договорот, како и начинот на следење и документирање на реализацијата на донацијата.

Член 4

За реализацијата на донацијата од оваа Одлука, Општина Радовиш ќе води соодветна евиденција и ќе постапува согласно важечките законски и подзаконски прописи.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Радовиш“.

Број 08-1157/1Совет на општина Радовиш
Дата 09.09.2026 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на
Одлука за прогласување итност на 22-та седница на Советот на Општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам
Одлуката за прогласување итност на 22-та седница на Советот на Општина Радовиш, 08-1158/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 09.09.2026 година.

Број 09-1158/2 Градоначалник
Дата 09.09.2026 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 53 од Деловникот за работа ,

Советот на општина Радовиш на XXII итна седница одржана на 09.09.2026 година, донесе

О Д Л У К А
за прогласување итност на 22-та седница на Советот на Општина Радовиш

член 1

Со оваа Одлука се прогласува итност на 22-та седница на Советот на Општина Радовиш одржана на 09.09.2026 година со цел да се донесе Одлука за **прифаќање донација на противпожарно возило од Здружение “ИЗВЕДЕН Дијаспора Ораовица”**.

член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1158/1Совет на општина Радовиш
Дата 09.09.2026 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Содржина:

-Решение за прогласување и објавување на Одлука за прифаќање донација на противпожарно возило од Здружение “ИЗВЕДЕН Дијаспора Ораовица”-------------1
-Одлука за прифаќање донација на противпожарно возило од Здружение “ИЗВЕДЕН Дијаспора Ораовица”-------------1
-Решение за прогласување и објавување на Одлука за прогласување итност на 22-та седница на Советот на Општина Радовиш-------------------------------------------2
-Одлука за прогласување итност на 22-та седница на Советот на Општина Радовиш------------------------------------------------------2